Почитувани сограѓани,

Јас сум Зоран Митевски, кандидат за градоначалник на општина Кратово од редовите на Коалицијата „Сојуз за иднината“.

Сите сме сведоци за (не)сработеното во изминативе 8 години. За 8 години владеење актуелниот градоначалник потроши 17 милиони евра народни пари, по што се поставува прашањето каде се потрошија парите и каква корист имаат граѓаните од неговото владеење. Кратово не доби ниту еден капитален објект, ниту пак се реши некое инфраструктурно прашање. Кратово не се приближи кон пообро развиените општини, туку се повеќе назадува. Со овие потрошени пари, градоначалникот можеше да избира што ќе заврши од почнатото и што ќе остави за идната власт. Доколку граѓаните уште му веруваат на овој градоначалник, ќе останат без ништо.

Ако сте спремни да ја смениме оваа монотонија која трае долго време и го води нашиот град во пропаст, ПРИДРУЖЕТЕ НИ СЕ!

Нашата програма нуди реално остварливи проекти. Таа не е само програма на празни ветувања, туку програма која е настаната врз основа на вистинските потреби на граѓаните.

Зоран Митревски нема да биде канцелариски градоначалник, ќе работи исклучиво од терен заедно со граѓаните од Кратово. Јас бирократија не познавам и мора да бидам искрен и да ви признаам дека наидувам и на многу позитивни реакции за борбата за прв човек на градот.

Во борбата за прв човек на општината програмата можеби ви изгледа скромно, но јас не ветувам тоа што не можам да го исполнам. Целосно ќе се посветам на создавање услови за подобрување на социо-економската состојба во општината. Веднаш ќе започнеме со разрешување на основните инфраструктурни и комунални проблеми, а приоритет ќе ни биде уредување на нова индустриска зона во која ќе понудиме најповолни услови во Република Македонија.

Ве повикувам масовно да излезете на гласање и да не дозволите некој друг да одлучува за Вас. Вашата поддршка ни е потребна и за листата на кандидати за членови на Советот од Коалицијата „Сојуз за иднината„.

Искрено ваш,

Зоран Митевски

# Инфраструктура

## Гасификација

***Проблем:***

Порастот на цената на електрична енергија и на нафтата, како доминантни енергенси, како и порастот на секојдневните потреби за користење електрична енергија од страна на домаќинствата, неминовно бара наоѓање начини за инвестирање во поефтини извори на енергија, како што е гасот. Спроведување на ваков проект е од неодложна потреба и за граѓаните и за индустриските капацитети, главно, во сегментот на приватното стопанисување. Снабдувањето со поевтини енергенси ќе придонесе кон помало оптоварување на буџетот и на домаќинствата и на стопанскиот сектор и ќе се создадат предуслови за проширување на постоечките капацитети како и за нови инвестиции, а тоа значи и нови работни места.

***Решение:***

Гасоводната мрежа е доведена до 5км од градот. Градоначалникот и локалната самоуправа од редовите на „Сојузот за иднината“ ќе изработат стратегиски документ и проект за привлекување на финансиски средства и преку Јавно приватно партнерство ќе се реализира изградбата на гасоводната мрежа до градот и приклучување и снабдување со гас на домаќинствата и стопанските субјекти. Овој проект е од особен интерес за градот и околината и очекуваме истиот да биде реализиран во рок од 36 месеци.

## Водовод и канализација

***Проблем:***

Сите јавни комунални претпријатија во Општина Кратово се отстапени на приватната фирма „СИЛКОМ ДООЕЛ“ која и покрај преземените обврски не ги исполнува условите од концесискиот договор. Како последица на тоа, граѓаните користат скапа вода, немаат редовен доток, а истата е од сомнителен квалитет.

***Решение:***

Одземање на концесијата на „СИЛКОМ ДООЕЛ“ и формирање на јавно комунално претпиријатие за стопанисување со водоснабдителниот и комуналниот систем и враќање на приходите од закупнината во општината. Рок на реализација веднаш.

***Проблем:***

Еден од основните проблеми на Општина Кратово е снабдувањето на граѓаните со чиста вода за пиење, како и одржувањето на водоводната мрежа. Овој проблем особено е изразен во руралните средини - селата кои во летниот период воопшто немаат вода.

***Решение:***

Приоритет ќе биде редовно обезбедување на градот со квалитетна и чиста вода за пиење, како и проширување на водоводната мрежа кон селата кои не се снабдени со квалитетна вода за пиење преку изградба на нова водоводна мрежа до с. Вакав - с. Шопско Рудари - с. Коњух, с. Сакулица - с. Татомир.

Дополнително, преку формирање на јавно приватно партнерство ќе се пристапи кон изградба на филтер станица со озонирање на водата во месноста Печеници, од каде градот и населените места ќе се снабдуваат со чиста вода. Рок на реализација 36 месеци.

***Проблем:***

Иако се отпочнати работи за изградба на канализациона мрежа и колекторски систем, истите се градат бавно и неквалитетно. Потрошени се огромни суми на пари, а во летниот период се уште имаме појави на смрдеа по течението на Кратовска река.

***Решение:***

Ќе се интезивираат работите, и со помалку средства ќе се догради канализациона мрежа. Истовремено ќе се уреди и речното корито по целото течение.

Во склоп на работите за канализационата мрежа и за речното корито, првичнот проект ќе се прошири и ќе се пристапи кон реализација и изградба на атмосферска канализација во населбите Мусала, Царина и Зорле. Рок на реализација 48 месеци.

## Урбанизам

***Проблем:***

Целиот појас околу браната „Злетовица“ на територијата на општина Кратово може да биде искористен за развој на викенд населба. И покрај притисоците на граѓаните досегашната локална самоуправа немаше слух за нивните барања и не донесе урбанистички планови врз база на кои ќе можеше да се пристапи кон реализација на оваа викенд населба.

***Решение:***

Изготвување на урбанистички план за изградба на викенд населба кај браната Злетовица со пропратна инфраструктура. Рок на реализација 24 месеци.

- Зелени катчиња

***Проблем:***

Единствениот парк во Кратово кај „Карши бавча“, со години е запуштен и необезбеден…..

***Репшение:***

Изградба и уредување на паркот кај “Карши бавча” до Спомен костурница преку негово осветлување, поставување на клупи, хортикултурно уредување. Рок на реализација 24 месеци.

## Сообраќај

- Изградба, пробивање и асфалтирање на улици

***Проблем:***

Распонот и квалитетот на уличната мрежа во градот Кратово се недостојни за времето во кое живееме. Улиците се преполни со дупки како резултат на неквалитетна изработка, не постојат ни тротоари за безбедно движење на пешаците, а целата сообраќајна мрежа е запуштена заради континуираната негрижа за нејзиното тековно одржување.

***Решение:***

Веднаш по преземањето на власта, градоначалникот и советот предводен од „Сојузот за иднината“ ќе пристапат кон:

Прередување на улиците опфатени во централното градско подрачје со коцка.

Прередување на ул. „Јосиф Даскалов“ со коцка заради задржување на автентичноста.

Реконструкција и асфалтирање на улица „Планинска“.

Замена на калдрмата со бекатон плочки на улиците: „Скопска“, „Дамјан Груев“, „Вера Пазаванска“,„ Владо Гаџев“, „Црн Врв“, „Браќа Миладиновци“, „Кирил и Методиј“, „Буковец“, „Трајче Арсов“, „Страхил Досев“, „Тошо Куковски“, „Митко Пенџуклиски“ и „Коце Харалампиев“.

Целосна реконструкција на улицат „Вера Јоциќ“.

Доасфалтирање на улицата „Никола Тесла“.

Рок на реализација континуирано веднаш по преземањето на власта во Кратово.

***Проблем:***

Локалниот економски развој е невозможен без осовременување и надградба на патната инфраструктура, која во моментов е во катастрофална состојба. Не е претерување ако се забележи дека инвестиции во оваа сфера не се направени никогаш, со што истата ги има истите карактеристики како од турскиот период.

***Решение:***

Од особен интерес за Општината, како и за граѓаните на Општина Кратово е поврзување со другите соседни општини по локалните патишта и тоа преку пробивање и тампонирање на патот Татомир-Кокошиње, пробивање и тампонирање на патот Сакулица – Горни Стубол, изградба на заобиколен пат Близанци – Луково за поврзување на Кратово со браната Злетовица, пробивање и тампонирање на патот Страцин – Пендаќ- Димонци – Коњух, како и пробивање и тампонирање на патот од Градот до Горно Кратово.

Воедно, ќе се пристапи кон пробивање и тампонирање, а некаде и асфалтирање со изведба на банкини на сите пристапни патишта до селата од разбиен тип, како с. Татомир, с.Секулица, с.Вакав, с.Шопско Рударе, с.Филиповци, с.Туралево, с.Крилатица, с.Коњух, с.Талашманци, с.Куклица, с.Трновац, како и селата во планинскиот реон. Рок за реализација континуирано.

- Мостови

***Проблем:***

Кратово е претпознатлив како град на мостови, но истите тие мостови се оставени без никаква грижа од досегашната власт, иако се од особена важност за градот и се белег за привлекување на посетители - туристи..

***Решение:***

Преземање на мерки за санирање и тековно одржување на мостовите во централното градско подрачје.

Изградба на мост кој ќе ги поврзе населбите Царина и Зорле кај основното училиште “Кочо Рацин”. Рок на реализација 24 месеци.

- Паркинзи

***Проблем:***

Непостоењето на паркинг простор е се поизразен проблем во градот, бидејќи постоечкиот паркинг простор ни оддалеку не ги задоволува потребите на граѓаните.

***Решение:***

Постоечкиот паркинг во центарот на градот ќе се подигне на едно ниво со монтажни елементи. Рок на реализација 24 месеци.

## Пазари

***Проблем:***

Пазарот во Кратово е во катастрофална состојба. Нема соодветни тезги за продажба, нема доволен број на тезги, нема санитарни чворови, а над се и постои голема опасност од одрони на карпа. Граѓаните на Кратово не заслужуваат ваков пазар, а на земјоделците и трговците од Кратово им се потребни подобри услови за работа. Сето ова е последица на давањето на градскиот пазар на концесија на фирмата “СИЛКОМ ДООЕЛ”.

***Решение:***

Пазарот во Кратово ќе биде затворен со метална конструкција, а внатрешноста ќе се уреди на најсовремен начин. Рок на реализација: 24 месеци

Во контекст на средувањето на пазарот, ќе се пристапи и кон средување на сточниот пазар во с. Сакулица. Рок на реализација 6 месеци.

# Инвестиции и економски развој

## Капитални инвестиции

***Проблем:***

Градските гробишта во Кратово се во очајна состојба. Истите не се одржуваат редовно, не се чистат, не се осветлени и не се обезбедени.

***Решение:***

Со средства на Општината во првите 100 дена ќе бидат санирани сите проблеми. Ќе биде поставена нова ограда, стазите ќе бидат санирани, исчистени и целосно осветлени. Дополнително ќе се воспостави служба за редовно одржување.

Градот ќе пристапи и кон изградба на нова капела, при што ќе се запазат сите стандарди.

***Проблем:***

Постоечкиот плоштад во центарот на Кратово не ги задоволува потребите на неговите граѓани.

***Решение:***

Проширување на градскиот плоштад со нови содржини - фонтана, хортикултурно уредување и поставување на клупи. Рок на реализација 24 месеци.

## Економски развој

***Проблем:***

Во досегашното владеење не е донесена ниту една инвестиција. Сведоци сме на секојдневно затварање на постоечките производни и непроизводни капацитети, а воедно општинската администрација како резултат на својата нестручност и

некомпетентност, примена со непотизам и пријателски врски со градоначалникот, немаат изработено план за Локален Економски Развој.

***Решение:***

Изградба на Индустриска зона со пропратна инфраструктура (водовод, струја, канализација и пристапен) и ослободување на инвеститорите од комунални давачки во првата година. Рок на реализација: 16 месеци.

Формирање на Општински гарантен фонд за развој на мали стопански фирми и подршка на постоечките

Целосна помош и поддршка од локалната самоуправа за отварање:

- Мали семејни бизниси, занаетчиство, изработка на сувенири и народни ракотворби

- Производство на здрава органска храна

- Развој на сточарството како извозна гранка, а со тоа подигање на развојот на селата

***Проблем:***

И покрај фактот што значителен број граѓани во општина Кратово се занимаваат со сточарска дејност и производство на млеко и млечни производи, Кратово е единствена општина во Македонија во која не е организиран откуипот на млекото.

***Решение:***

Веднаш по преземањето на локалната власт, градоначалникот и советот на општината предводен од „Сојузот за иднината“ ќе отстапи дел од објектите во своја сопственост на приватен инвеститор за изградба на мини-млекара со 20 вработувања и договор со 50 кооперантни за откуп на млеко. Рок на реализација 6 месеци.

# Подобри услуги за граѓаните

## Администрација

***Проблем:***

Издавањето на дозволи за кои се надлежни општината и градоначалникот трае со месеци, а некогаш и до една година. Недозволиво е едно вакво одолговлекување за остварување на правата кои им следуваат на граѓаните.

***Решение:***

На секое барање на граѓаните упатено до Градоначалникот на Општина Кратово, ќе биде одговорено во рок од 15 дена. За издавање на уверенија и потврди од Општинската администрација, граѓаните не мора да чекаат повеќе од 7 дена.

Приемното време кај Градоначалникот, за сите граѓани на Општина Кратово ќе биде секој ден 08,30 - 10,30 часота секој четврток и до 16,00 часот.

Градоначалникот ќе се обврзе два пати месечно да врши посети на руралните средини.

Ќе воведеме систем "48 часа" на добро управување и одговорност кое служи за откривање на проблемите со локалната самоуправа и нивно решавање за 48 часа.

Ќе ги подржиме и иницијативите и предлозите дадени од месните одбори.

Постоечкоит web портал ќе го ажурираме редовно за промоција на компаниите кои работат во Општината (инвестициски водич). Транспарентност,, одговорност и отчетност во работата се принципите на кои ќе се темели секоја активност која ќе биде превземена, вклучувајќи го и буџетот на Општината Кратово. Ќе организираме јавна расправа пред донесување на буџетот и редовно ќе информираме каде се трошат парите на граѓаните преку web страната, општинските гласници, како и на поставените огласни табли на повеќе локации во градот.

Во делот на урбанистичкото планирање, Кратово ќе го направаме "урбан модел" на Општина со високи стандарди, при што максимално ќе ги зачуваме старите архитектонски вредности.

Рок на реализација континуирано.

***Проблем:***

Жителите од руралниот дел на општината немаат никаков превоз до градот.

***Решение:***

Преку јавно приватно партнерство ќе обезбедиме средства за организиран јавен превоз два пати дневно со утврден ред на поаѓање до село Коњух и попатните села: Туралево, Филиповци, Сакулица, Вакуф и Шопско Рудари. Реализација веднаш.

# Квалитетен живот

## Спорт

***Проблем:***

Спортско-рекреативниот живот во кратовските села не постои. Младите немаат никакви услови за спортување и релаксација.

***Решение:***

Изградба на спортски игралишта за мал фудбал во с. Китеново и во с. Трновец. Рок за реализација 36 месеци.

## Култура

Кратово како град има огромен потенцијал за развој на туризмот. Сите кои за прв пат доаѓаат во градот го доживуваат како “Музеј под отворено небо”. Ќе се погрижиме да не се наруши стариот амбиент на градот. Преку разни алтернативни извори на финансирање кои им се достапни на општините (ЈПП, ИПА и други донатори) ќе обезбедиме средства за реконструкција на кулите и мостовите и на старата градска чаршија, и на истите ќе им дадеме нови содржини кои ќе обезбедат приходи за нивното понатамошно одржување.

Ќе спроведеме интензивна промотивна кампања за локалитетот “Камени кукли” како заштитено подрачје, со чија помош ќе ги обезбедиме потребните средства за одржување и управување.

Ќе формираме туристичко биро и во соработка со туроператорите ќе понудиме туристички пакети за точно определени целни групи на туристи согласно нивните барања и интереси.

Воедно, локалната самоуправа ќе обезбеди средства за доедукација на млади и образовани луѓе во насока на промоција на Кратово како туристичка дестинација на светските саеми за туризам.

Рок на реализација: континуирано.

***Проблем:***

Социјалниот и  културниот живот на граѓаните на општина Кратово е исклучително запоставен.

***Решение:***

Изготвување на програма за чествување на Патрониот празник на градот “св. Ѓорѓи Кратовски”, Денот на Ослободувањето на Кратово од фашистичкиот окупатор и организација на поголем број активности.

Воведување на манифестација “Кратовско културно лето” - со континуирани активности преку целото лето, како што се концерти, ликовни колонии, фестивал на староградска музика и театарски и кино претставы.